Бр. 19-1588/1
04. 05. 2011 година

Влада на Република Македонија
**Агенција за храна и ветеринарство**
III Македонска бригада бб
Зграда на Македонија Табак
1000 Скопје,
Република Македонија

Тел. (02) 3112 210
Факс: (02) 3112 265
Сајт: www.fva.gov.mk

Врз основа на член 88 од Законот за ветеринарно здравство (Службен весник на Република Македонија бр. 113/07), член 9, член 25 и член 26 од Правилникот за начинот и постапката за увоз и транзит, листа на трети земји од кои е одобрен увоз и транзит, формата и содржината на ветеринарно-здравствениот сертификат или други документи што ја придружуваат пратката со живи животни, аквакултура и производи од животинско потекло, како и начинот и постапката на вршење на проверка и преглед при увоз и транзит на пратка со живи животни, аквакултура и производи од животинско потекло („Службен весник на РМ Бр. 53/2010, 86/2010,144/2010 и 27/2011“), како и член 20 став (1) алинеа 5 од Законот за безбедност на храната (“Сл. весник на Република Македонија” бр. 157/10), Директорот на Агенција за храна и ветеринарство, донесе

# УПАТСТВО
## за начинот и постапката за транзит на живи животни низ територијата на Република Македонија со крајна дестинација Република Албанија или Косово

### Член 1
Со ова упатство се утврдува начинот и постапката за проверка и преглед од страна на официјален ветеринар на граничен премин, на пратки живи животни наменети за приплод и/или производство или непосредно колење, кои транзитираат низ територијата на Република Македонија со крајна дестинација Република Албанија или Република Косово.

### Член 2
При транзит, пратката со живи животни од член 1 на ова Упатство, треба да е придружена со следните документи:
- ветеринарно-здравствен сертификат за увоз во Република Албанија или Република Косово;
- план за движење;
- одобрение за превозните средства – изјава од превозникот; и
- извозни царински документи – карго сметки.

### Член 3
(1) Доколку крајна дестинација на пратките со живи животни од член 1 на ова Упатство е Република Албанија, официјалниот ветеринар на граничен премин на граничниот премин на влез, при проверката и прегледот освен документите наведени во член 2 од ова Упатство, потребно е да изврши проверка на листата на бизнис оператори кои се регистрирани за увоз на живи животни во Република Албанија.

(2) Листата наведена во став (1) на овој член како и секоја нејзина измена, официјално се доставува до Агенцијата за храна и ветеринарство од страна на Ветеринарната служба при Министерството за земјоделство, храна и заштита на потрошувачи на Република Албанија, и истата е објавена на веб страната на Агенцијата за храна и ветеринарство www.fva.gov.mk, каде што редовно ќе биде ажурирана согласно доставените измени.
(3) Доколку крајна дестинација на пратките со живи животни од член 1 на ова Упатство е Република Косово, официјалниот ветеринар на граничен премин на граничниот премин на влез, при проверката и прегледот освен документите наведени во член 2 од ова Упатство, потребно е да изврши проверка на соодветен документ издаден од надлежниот орган, со кој се дозволува увозот на живи животни во Република Косово, и/или со документ со кој се потврдува дека пратката со живи животни ќе биде увезена и нема да биде вратена во Република Македонија.

**Член 4**

(1) Официјалниот ветеринар на граничен премин на граничниот премин на влез по составување на ВВД-то за живите животни за транзит, треба да го извести официјалниот ветеринар на граничен премин на граничниот премин на излез за претстојната пратка, преку информациониот систем за гранична ветеринарна инспекција или до негова целосна имплементација со друг начин на комуникација (телефон, факс, писмо или e-mail и др.).
(2) Официјалниот ветеринар на граничен премин на граничниот премин на излез, треба да ги пополни соодветните места на ВВД-то за живи животни за транзит и преку информациониот систем за гранична ветеринарна инспекција или до негова целосна имплементација со друг начин на комуникација (телефон, факс, писмо или e-mail и др.) да го извести официјалниот ветеринар на граничен премин на влез за пратката која го извршила транзитот.

**Директор,**

**Дејан Рунтевски с.р.**